ВАНДАЛИЗАМ ВРЗ НАШАТА КУЛТУРА

# Миладиновци осквернавени сред Струга

**■ Боја е истурена врз споменикот на Димитар и Константин Миладинови, како и врз „Зборникот“ што го држат во рацете, но цела недела сите го гледаат, а никој, ниту надлежните не го исчистија**

**ТОШЕ ОГЊАНОВ**

Уште не се оладија столчињата на кои седеа гостите на Струшките вечери на поезијата, во градот што стана синоним за врвно литературно творештво зашто тука се родени светските поети Димитар и Констатин Миладинов, деновиве осквернавен осамна нивниот споменик. Врз главите на двајцата преродбеници е истурена бела боја. Обоен е и „Зборникот“ што е во рацете на еден од двајцата браќа. Речиси цела недела споменикот, кој се наоѓа пред Спомен-куќата на Миладиновци, стои осквернавен и до вчера никој не го исчисти. Од дирекцијата на Струшките вечери не ни знаеја за состојбата на споменикот, зашто ретко кога некој доаѓа во Спомен-домот освен за одржувањето на СВП. Од општината Струга велат дека не се надлежни да се грижат ниту за куќата ниту за споменикот. Единствени што се обидоа да го исчистат беа група бугарски туристи, кои, коментирајќи „Тука ни ги валкаат нашите Миладиновци“ пробаа да ја тргнат белата боја од двајцата книжевници.

Од Дирекцијата на СВП, вчера првпат дознаа за скверНавењето. Откако минатата недела заврши Струшките вечери, Спомен-домот остана заклучен. Од Дирекцијата на најголемиот поетски фестивал вчера останаа недостапни откога им побаравме став за скверНавењето.

- Никој не ни кажа дека се случило такво нешто. Ќе видиме како ќе реагираме - беше првичнот краток одговор од директорот на СВП, Данило Коцевски.


Фото: Тоше Огњанов

**Стружани само поминуваа крај споменикот на Миладиновци врз кои беше истурена боја, бугарски туристи го чистеа**

### НИКОЈ НИТУ ВИДЕЛ НИТУ ЧУЛ

Од општината Струга исто така не знаеја за скверНавењето на споменикот. Од таму рекоа дека не е нивна надлежност да интервенираат за обележјата во и околу Спомен-домот на Миладиновци. Џеми Хајредини, кој е претставник на општината во Управниот одбор на СВП, побара куќата да премине во надлежност на Градот.

- Ако фестивалот и државата сакаат таа куќа и обележјата околу неа да се чуваат и да биде постојано отворена, треба да се дозволи да преминат во надлежност на Градот. Струшките вечери на поезијата се државна манифестација и надлежноста сега е кај нив. Сега не сме надлежни за никакви реакции во и околу неа - рече Хајредини.

Сепак, Хајредини додава дека куќата, ако биде префрлена во надлежност на градот, освен како Спомен-дом, би ја користеле и за канцеларии на општинските секторите за образование, за култура и за спорт. Тоа, пак, за Дирекцијата на фестивалот, е сè уште неприфатливо.

Единствен што го има клучот од Спомен-домот во Струга е Разме Кумбаровски, секретар на Струшките вечери. Тој последниве неколку години е задолжен за одржување на Спомен-куќата, на спомениците на поетите во градот, на Паркот на поезијата. Овој пат и тој не знаеше за скверНавењето.

- Додека траеше фестивалот таму сè беше во ред. Секако, веднаш ќе го исчистиме обележјето - вети Кумбаровски.

### БУГАРСКИ ТУРИСТИ ГО ЧИСТЕА СПОМЕНИКОТ

Без да се расправаат кој е надлежен за споменикот и за куќата на Миладиновци, група бугарски туристи, кои викендов ја посетија Струга, самоиницијативно се обидоа да го исчистат спомен-обележјето.

- Нека се пренесува во медиуми дека Бугарите се грижат за Миладиновци. Тука ни ги валкаат Миладиновци, па самите треба да ги измиеме - беа дел од коментарите на туристите.

За разлика од бугарските туристи, стружани не се покажаа единствени во реакциите. Некои го осудија скверНавењето, а други, кои поминуваа покрај Спомен-домот, не реагираа и не сакаа да коментираат.

- Осквернувањето на споменикот на Миладиновци не е естетски симболичен чин во кој се користи белата боја во некаков уметнички контекст. Тоа не е ништо друго, туку неразбирање на она што сме ние - вели Мерсиха Исмајлоска, книжевник од Струга.

• Константин (1830-1862) и Димитар (1810-1862) Миладинов и нивниот „Зборник“, објавен во 1861 година, се пресвртна точка во македонската културна и национална преродба. Иако под влијание на пропагандите од соседните држави првично беше објавено како „Зборник на бугарски народни песни“, зборникот на Миладиновци ја зачува и заштити од фалсификување македонската култура, народна традиција, обичаи, фолклор. Песната „Т'га за југ“ на Константин, која е во Зборникот е легендарно поетско дело во нашата книжевна историја. ■